PHILIPS

# Преносно радио

## Серија **2000**

TAR2509




# Корисничко упатство

Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на:
www.philips.com/support

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Важно | 2 |
| | Безбедност | 2 |
| | Заштита на слух | 2 |
| | Напомена | 3 |
| 2 | Вашето преносно радио | 3 |
| | Вовед | 3 |
| | Што има во кутијата | 3 |
| | Преглед на преносното радио | 4 |
| 3 | Вовед | 4 |
| | Поставување батерии | 4 |
| | Поврзување со напојување | 4 |
| 4 | Слушање FM/AM радио | 5 |
| | Пребарување за радиостаници | 5 |
| | Прилагодување на јачина на звук | 5 |
| | Поврзување со слушалки | 5 |
| | Прилагодување тон | 5 |
| 5 | Информации за производот | 6 |
| 6 | Решавање проблеми | 6 |

# 1 Важно

## Безбедност

- Прочитајте ги овие упатства.
- Придржувајте се на сите предупредувања.
- Следете ги сите упатства.
- Не блокирајте ниеден од отворите за вентилација. Инсталирајте во согласност со упатствата на производителот.
- Не инсталирајте во близина на никакви извори на топлина како радијатори, греалки, печки или други апарати (вклучувајќи и засилувачи) што создаваат топлина.
- Заштитете го електричниот кабел од нагазување или продупчување, особено кај штекерите, дополнителните приклучни места на приклучница и местото каде што истите излегуваат од преносното радио.
- Користете само додатоци/прибор наведени од производителот.
- Исклучете го апаратот при бури со грмотевици или кога не се користи долг временски период.
- За секакво сервисирање ангажирајте квалификуван сервисен персонал. Сервисирање е потребно кога апаратот е оштетен на било кој начин, кога електричниот кабел или приклучокот се оштетени, истурена е течност или предмети паднале во апаратот, апаратот бил изложен на дожд или влага, не работи нормално или паднал.
- ВНИМАНИЕ при користење батерии -за да спречите истекување на батериите што може да доведе до телесна повреда, штета на имот или штета на преносното радио:
  - Инсталирајте ги сите батерии правилно, + и - како што е означено на единицата.
  - Извадете ги батериите кога единицата не се користи долго време.
  - Батеријата не треба да се изложува на претерана топлина како сончева светлина, оган или сл.
- Ова преносно радио не треба да биде изложено на капење или прскање.
- Не ставајте никакви извори на опасност на преносното радио (на пр. предмети наполнети со течност, запалени свеќи).

## Заштита на слух



**Слушајте на умерена јачина на звук:**

- Користење на слушалки со голема јачина на звук може да го оштети вашиот слух. Овој производ може да предизвика звуци во опсег на децибели кои може да предизвикаат загуба на слух за обичен човек, дури и ако е изложен и помалку од минута. Повисок опсег на децибели е посакуван од такви лица кои можеби веќе имале извесна загуба на слух.
- Звукот може да мами. Со тек на време вашата „пријатна јачина на звук“ при слушање се адаптира на поголема јачина на зуците. По подолго слушање, она штп звучи „нормално“ всушност може да е бучно и штетно за вашиот слух. За да се справите со ова, поставете ја јачината на звук на безбедно ниво пред вашиот слух да се адаптира и да остане таков.

**За да воспоставите безбедно ниво на јачина на звук:**

- Поставете ја контролата на јачина на звук на ниска поставка.
- Полека зголемувајте го звукот додека можете да слушнате пријатно и јасно, без дисторзија.

**Слушајте со разумно времетраење:**

- Продолжено изложување на звук, дури и на нормални „безбедни“ нивоа, исто така може да предизвика загуба на слух.
- Уверете се дека опремата ја користите разумно и правете соодветни паузи.

**Уверете се дека ги почитувате следните упатства кога ги користите:**

- Слушајте на разумни јачини на звук, во разумно времетраење.
- Внимавајте да не ја прилагодувате јачината на звук како што ќе се навикнувате на слушањето.
- Не пуштајте ја јачината на звук толку силно за да не можете да слушате што се случува околу вас.
- Треба да користите внимателно или повремено да го прекинувате користењето во потенцијално опасни ситуации. Не користете слушалки додека управувате со моторно возило, возите велосипед, скејтборд и сл.; тоа може да предизвика опасност во сообраќајот и е нелегално во многу области.

## Напомена

Овој производ е усогласен со барањата за радиоинтерференција на Европската заедница. Со ова, TP Vision Europe B.V. изјавува дека овој производ е усогласен со основните барања и други релевантни мерки од Директивата RED 2014/53/EU и прописите за радиоопрема на OK SI 2017 бр. 1206. Изјавата за сообразност може да ја најдете на www.philips.com/support.

Овој производ е усогласен со барањата за радиоинтерференција на Европската Заедница.

Овој производ е дизајниран и изработен од материјали и компоненти со висок квалитет, кои може да се рециклираат и повторно да се користат.

Овој симбол значи дека производот не смее да се фрла како отпад од домаќинство и треба да се достави до соодветно место за собирање да се рециклира. Следете ги локалните правила и никогаш не фрлајте го производот и батериите што повторно се полнат со обичен отпад од домаќинството. Правилното фрлање на стари производи и батерии што повторно се полнат помага да се спречат негативните последици по животната средина и човековото здравје.

Овој симбол значи дека производот содржи батерии опфатени од Европската Директива (EU) 2023/1542 кои не може да се фрлаат со обичен отпад од домаќинството. Информирајте се за локалниот систем за издвоено собирање на електрични и електронски производи и батерии. Следете ги локалните правила и никогаш не фрлајте го производот и батериите со обичниот отпад од домаќинството. Правилното фрлање на стари производи и батерии помага да се спречат негативните последици по животната средина и човековото здравје.

# 2 Вашето преносно радио

Ви честитаме на купувањето и добре дојдовте во Philips! За целосни придобивки од поддршката што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на www.philips.com/support.

## Вовед

Со ова преносно радио, можете да:

- слушате FM/ AM радио

## Што има во кутијата

Проверете ја и идентификувајте ја содржината на вашиот пакет:

- Главна единица
- Каблиза напојување
- Кратко упатство
- Безбедносен лист
- Гаранција

## Преглед на преносното радио

① **Телескопска антена**
- го подобрува FM приемот.

② **TUNING**
- во FM/AM режим, фино подесува станица.

③ **Вклучување/исклучување јачина на звук**
- го вклучува сетот.
- го прилагодува нивото на звук.

④ **Избирач на опсег**
- избира опсег на бранови: FM или AM.

⑤ **TONE**
- Избира NEWS или MUSIC режим.

⑥ 🎧
- 3,5 mm приклучок за слушалки.

⑦ **ЛЕД индикатор**
- Се осветлува откако ќе открие FM сигнал.

⑧ **Покажувач на радиофреквенција**

⑨ **Просторот за батерија**

⑩ **AC IN**
- 220-240 V 50-60 Hz.







# 3 Вовед

Секогаш следете ги упатствата во ова поглавје едноподруго.

## Поставување батерии

> **!** **Внимание**
>
> - Ризик од експлозија! Чувајте ги батериите подалеку од топлина, сончева светлина или оган. Никогаш не фрлајте ги батериите во оган.
> - Батериите содржат хемиски супстанции, затоа тие треба правилно да се фрлат.
> - Не мешајте типови на батерии: пр. алкални со јаглерод-цинкови. Користете само батерии од ист тип за сетот.

Ставете 2 x 1,5 V R20/UM1/D батерии (не се вклучени) со точен поларитет (+/-) како што е илустрирано.




## Поврзување со напојување

Поврзете го доставениот кабел за напојување со:

- Приклучок за електрично напојување со наизменична струја на главната единица.
- штекерот во ѕидот.

> **!** **Внимание**
>
> - Ризик од оштетување на производот! Уверете се дека напонот на струјата соодветствува со напонот отпечатен на задната и долната страна на преносното радио.
> - Ризик од струен удар! Кога го исклучувате кабелот за напојување, секогаш влечете го приклучокот од приклучницата. Никогаш не влечете го кабелот.

**Белешка**

- Печатената плочка се наоѓа на долниот дел од преносното радио.



# 4 Слушање FM/AM радио

**Белешка**

- Чувајте го преносното радио подалеку од други електронски уреди за да избегнете радиоинтерференција.
- За подобар прием, целосно извлечете ја и прилагодете ја положбата на FM антената.

## Пребарување за радиостаници

1 Свртете ја контролата за јачина на звук/ вклучување исклучување да префрлите на сетот.

2 Поставете го избирачот на опсег на **FM** или **AM** .

3 Изберете ја вашата станица со користење на контролата на **TUNING**.

4 За да го исклучите радиото, свртете ја контролата на јачина на звук / вклучување исклучување на **OFF**.

## Прилагодување на јачина на звук

Прилагодете го звукот со контролата Јачина на звук/вклучување исклучување.

## Поврзување со слушалки

Можете да поврзете слушалки во приклучокот за слушалки.
-> Звучниците тогаш ќе се исклучат.

## Прилагодување тон

Поставете го избирачот на Тон да избира режим на **News** или **Music**.

# 5 Информации за производот

**Белешка**

- Информациите за производот се предмет на промена без претходно известување.

## Напојување

| | |
|---|---|
| Тип на батерија | Големина D (LR20) |
| Напон на батерија | 1,5 V |
| Број на батерии | 2 |
| Влез на наизменична струја | 220 - 240 V<br>50 - 60 Hz |

## Подесувач/Приемник/Предавател

| | |
|---|---|
| Бранови должини | FM 88 - 108 MHz<br>AM 520 - 1710 KHz |

## Звук

| | |
|---|---|
| Систем на звук | Моно |
| Контрола на јачина на звук | Ротирачка (аналогна) |
| Излезна моќност | 300 mW RMS |

## Поврзаност

| | |
|---|---|
| Аудио/видео излез | Слушалки (3,5 mm) |

## Општи информации

| | |
|---|---|
| Димензии (Ш x В x Д) | 210 x 149,5 x 67 mm |
| Тежина (главна единица) | 668 g |

# 6 Решавање проблеми

**Предупредување**

- Никогаш не вадете го куќиштето на производот.

За гаранцијата да биде важечка, никогаш не обидувајте се да го поправате уредот самите. Ако се соочувате со проблеми кога го користите овој производ, проверете ги следниве ставки пред барањето сервис. Ако проблемот остане нерешен, одете на веб-локацијата на Philips (www.philips.com/support). Кога ќе го контактирате Philips, уверете се дека уредот е во близина и дека се достапни бројот на модел и серискиот број.

### Нема напојување

- Уверете се дека приклучокот за наизменично електрично напојување на единицата е правилно поврзан.
- Уверете се дека има електрична енергија во приклучницата за електрично напојување.
- Батериите може да се истрошени или неправилно ставени.

-> Правилно ставете (нови) батерии.

### Нема звук

- Прилагодете ја јачината на звук.
- Проверете дали слушалки се поврзани на сетот. Ако се, исклучете ги слушалките.

### Слаб радио прием

- Целосно извлечете ја и прилагодете ја положбата на антената.

2024 © MMD Hong Kong Holding Limited. Сите права се задржани. Спецификациите се предмет на промена без известување.
Philips и Philips Shield Emblem се регистрирани заштитни знаци на Koninklijke Philips N.V. и се користат под лиценца. Овој производ е изработен од и се продава под одговорност на MMD Hong Kong Holding Limited. или една од неговите подружници и MMD Hong Kong Holding Limited е гарант во врска со овој производ.

TAR2509_UM_V1.0